# СЕ „НАВЛЕКОВ" НА ФОТ

**Во мултимедијалниот центар „Мала станица" во Скопје сликарот Денис Тенев се претстави со изложба на четириесетина фотографии со наслов „Јас и Израел", направени за време на неговиот престој во Израел во 2006 година. Денис Тенев има завршено Факултет за ликовни уметности во Скопје, а сега е на магистерски студии по античка археологија на „Новиот бугарски универзитет" во Софија. Досега имал шест самостојни изложби и учествувал на повеќе групни изложби во земјава и во странство**



# НО ОСТАНУВАМ ВЕРЕН НА СЛИКАРСТВОТО

**■ Изложбата со која се претставуваш има наслов „Јас и Израел". Кој беше поводот за твојата средба со Израел?**

● Веќе десетина години ја истражувам библиската археологија, а Израел е центарот на таа област. Значи ете, сакав да ги видам тие библиски места, да се најдам таму на самото место, па искористив една можност лани да отидам на конгрес во Израел што беше посветен на таа тема. Мојата цел беше да го видам Израел од неговата библиска страна, онака како што го доживеав читајќи го Стариот Завет.

**■ Зошто одлучи оваа средба да ја претставиш со фотографии, а не да речеме преку друг вид на уметничко изразување? Дали тоа беше однапред планиран проект?**

● Не, бидејќи јас не сум фотограф, иако нели, кога ќе се земе фотоапарат во раце секогаш целта е да се направат успешни фотографии. Јас дури и не понесов некаков високопрофесионален фотоапарат, така што таму се соочував со проблеми од типот - потрошена батерија или исполнета меморија на картичката. Од целото патување направив осумдесетина фотографии, а по селекцијата останаа четириесетина за кои сметав дека се најуспешни, им ги покажав на пријатели и добив сугестии дека заслужуваат да бидат изложени. Искрено, во почетокот чувствував резерва кон една таква идеја бидејќи јас сум сликар, а не фотограф и мислев дека не е во ред да се мешам во нешто што не ми е професија, но од друга страна, пак, на Факултетот за ликовни уметности учевме и за фотографијата, така што не може да се рече дека имам апсолутно непознавање за таа област. Освен тоа, се почувствував охрабрен кога компетентни луѓе ми рекоа дека можам да го изложам материјалот и дека тоа ќе биде примено многу добро.

**■ Може ли овој обид да се прочита и како увод за некое твое идно поинтензивно занимавање со уметничка фотографија?**

● Да бидам искрен, сè ова ме навлече да почнам да размислувам за некои фотографски експерименти, но кога би почнал да се занимавам со тоа би сакал да биде на високо професионално ниво, а тоа значи да го работам со професионална опрема за која, пак, се потребни поголеми финансии, кои во моментов не сум баш подготвен да ги вложам. Фотографијата е уметност која е на еднакво ниво како сликарството, графиката....

**■ На Факултетот за ликовни уметности во Скопје дипломира сликарство и графички дизајн. На што му даваш предност?**

● Не знам ни самиот, но во последно време изгледа го работам она што попрво ќе ми се случи, за што попрво ќе добијам идеја. Но во основа предност му давам на сликарството зашто длабоко во себе, јас сум сликар. Графичкиот дизајн ме привлекува, но го работам затоа што од него можам повеќе да егзистирам, отколку од сликарството.

**■ Значи од графички дизајн може да се живее, а од сликарството не?**

● Па, рака на срце, ни од графичкиот дизајн не се живее којзнае како, но во секој случај се заработува повеќе отколку од сликарството.Тоа значи дека ние уметниците треба да бидеме подготвени за компромис, што секако не е благодарна алтернатива, особено за луѓе кои сакаат да бидат професионални сликари, кои држат до својата уметност и сакаат да ја прикажат непристрасно без елементи на допадливост, без елементи на вулгаризирање на нештата. Но ова се вечни теми со кои се занимава мојата фела. Факт е дека од комерцијалната уметност може и да се заработи нешто, но од друга страна, таквата ситуација може да те навлече целосно да ја запоставиш вистинската уметност, онаа што нема врска со комерцијалното и тогаш се распрснуваш и се губиш како уметник, како личност.

**■ Како графички дизајнер имаш соработувано со повеќе списанија, но од пред некое време сепак направи избор да бидеш слободен уметник. Тоа значи - што?**

● Во изминатите години соработував со многу списанија како „Жена", „Семеен магазин", го започнав „Фотон арт", ликовно го средував, „Бизнис прес", ги подготвував насловните страници за „Пулс", работев и на списанијата „Шопинг", „Мјузик енд саунд" и на крајот, конечно собрав храброст да бидам слободен уметник. Што значи ваквиот статус? Значи поголеми искушенија, но и поголема можност за творење. Во нашата средина на статусот слободен уметник се гледа од некаков изместен агол, како да е тоа човек со многу слободно време и работи кога сака. Но не е баш така. Поентата е во тоа дека слободниот уметник во основа е слободен стрелец и дека самиот одлучува што и како ќе работи. Борбата е во тоа да успееш да егзистираш од својата уметност, што мислам дека во крајна линија е возможно.

**■ Дали тоа значи дека сега си најмногу концентриран на сликарството?**

● Да, токму така. Освен тоа, јас сум од оние „среќници" на кои општеството ни даде ателјеа во надвозникот „Влајко", па чекам да се создадат услови за работа во просторот што ми е доделен.

**■ Ќе можеш ли да се собереш во тој простор, сепак се работи за мали ателјеа?**

● Сите се согласивме дека просторот е мал, но како што напишал во еден трактат Леонардо да Винчи: „Подобро е да имаш мал простор, па да ти е сè тука, при рака"... Мислам дека ќе успеам да се организирам и во тој мал простор, и дека ќе можам да работам. Позитивно е што тоа ќе можат да го видат граѓаните, затоа што ателјеата им се што се вели - на поминување.

**■ Ако не беше уметник што ќе беше? Имаше ли некоја резервна варијанта за професија што те привлекува?**

● Тешко прашање, затоа што кај мене се измешани повеќе интереси и признавам дека тие многубројни интереси направија во еден период да се раширам и буквално да не знам што сум. Во исто време се занимавав и со уметност, бев сликар и дизајнер, се интересирав за археологијата, имав и уште некои други сфери на интересирање. Меѓутоа, во основа јас отсекогаш сум сакал да бидам само сликар и кога одно-

# ОГРАФИЈАТА,

во би избирал професија тоа би било сликарството, без размислување.

■ **На сите твои досегашни самостојни изложби централна тема е човекот и односот кон религијата. Значи ли тоа дека низ уметноста се обидуваш да го најдеш одговорот за божественото во човекот, или пак можеби за човечкото кај Бога?**

● Христијанството го доживувам како религија на умот, како религија на срцето, како религија на душата. Значи не само како традиција, туку како нешто многу повеќе, како филозофија на животот. Да се бара Бог во себе тоа може и така да се протолкува, но јас имам една друга дефиниција која вели: „Ако сакаш да се спознаеш себеси, спознај го прво Бога, па ќе се спознаеш и себеси". Тоа е основата на христијанството, а мојата цел е преку моите дела да покренам размислување на таа тема.

■ **Како го доживуваш моментот кога твоите дела стануваат сопственост на друг човек?**

● На времето, како студент, велев дека нема да ги продавам моите слики и нормално тоа беше резултат на некаква младешка еуфоричност, на некаков нереален идеализам. Од денешен аспект не гледам рационална причина зошто на таков начин би се врзувал за моите дела, особено кога знам каде кое е отидено, во чии раце е.

■ **Кој ти беше мотивот да ги почнеш магистерските студии по античка археологија во Софија?**

● Археологијата ме интересира веќе подолго време и самоиницијативно истражував на таа тема, собирав знаење. Во еден момент сфатив дека би било добро целото тоа знаење да го комплетирам поминувајќи низ официјален образовен процес и на крајот тоа да биде конкретизирано, ете со магистерска теза. На нашиот Универзитет во Скопје не дозволуваа со завршена Ликовна академија да запишам магистерски студии по археологија. Имав алтернатива Софија или Белград, Софија ми се виде поблиску и поевтино и така сè почна, а сега сум пред крајот, ми остана уште да го завршам магистерскиот труд кој е врзан со темата Библијата и ранохристијанството во Македонија. Но јас со археологија би се занимавал повеќе како документатор, тоа што го правам и сега на археолошките истражувања на Кале. Немам амбиција да водам истражувачки експедиции.

■ **Што ти значи, пак, искуството на предавач, бидејќи ете имаш и таков ангажман?**

● Да, во „Семос" предавам на колеџот за графички дизајн кој веќе една година работи мошне успешно и мислам дека студентите имаат што да научат таму, бидејќи наставната програма е квалитетно осмислена. Студентите имаат потенцијал да бидат одлични дизајнери, но секако од нив зависи како ќе се развиваат понатаму.

■ **Во моментов актуелен си со изложба на фотографии, но кога ќе бидеш со изложба на твои слики?**

● Мојата следна изложба ќе биде во јули во Њујорк, во Македонскиот културен центар, а во Скопје можеби кон крајот на годината. Во Њујорк ќе се претставам со графики. Слична изложба со наслов „Арт мегабајт" имав пред две години во Берлин и таа беше со цел да се промовира дигиталната уметност. Во Берлин имав уште едно претставување, но на групна изложба, а во портфолиото ми е запишана и самостојна изложба во Виена. Останатите досегашни изложби се случуваа во Скопје.

■ **Беа ли продуктивни изложбите во странство?**

● Да, изложбите во Берлин беа важни од аспект на искуството и тоа лично многу ме исполни. Додека пак, во Виена ги продадов сите слики, што беше исто така едно убаво искуство и сознание дека од уметноста може да се живее, секако ако успееш да најдеш начин таму да ги пласираш своите дела.

■ **Дали е лесно за уметник од Македонија да добие можност да изложува свои дела во странство?**

● Од лично искуство би рекол дека тоа не е толку тешко како што генерално се мисли. На пример, наскоро ќе учествувам на групна изложба во едно гратче во близина на Минхен. За изложбата дознав по интернет, прашав дали може да учествувам, добив позитивен одговор. Можеби ќе добијам и награда (се смее). Што да кажам? Секој треба да има цел пред себе и да работи за да ја оствари. Работите некогаш сами се местат во животот, колку и да звучи тоа неверојатно.

**Гордана Колевска**


„Цезереа"


„Храмска гора"


„Поглед од Масада"


„Дете"


„Ѕидот на плачот - сцена"


„Ѕидот на плачот - детал"